РЕГУЛАТОРНА КОМИСИЈА ЗА ЕНЕРГЕТИКА
НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-1340/1
31.07.2017 год.
СКОПЈЕ

Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија, врз основа на член 22, став 1, алинеја 6 и член 77 од Законот за енергетика ( „Службен весник на Република Македонија" бр.16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/14, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16), постапувајќи по Барањето за одобрување на измена на член од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија на АД ЕЛЕМ - Скопје, Подружница Енергетика бр.03-4382/1 од 28.07.2017 година, на седницата одржана на 31 јули 2017 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

## за одобрување на Измена на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија на АД ЕЛЕМ – Скопје

1. Измената на член 19 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија на Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост (АД ЕЛЕМ - Скопје), СЕ ОДОБРУВА.
2. Согласно член 77 од Законот за енергетика АД ЕЛЕМ - Скопје, е должно Измената на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија, одобрени со ова решение да ги донесе и објави во „Службен весник на Република Македонија".
3. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

# ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Акционерско друштво за производство на електрична енергија ЕЛЕКТРАНИ НА МАКЕДОНИЈА во државна сопственост (АД ЕЛЕМ - Скопје), согласно член 77 од Законот за енергетика („Службен весник на Република Македонија" бр. 16/11, 136/11, 79/13, 164/13, 41/1, 151/14, 33/15, 192/15, 215/15, 6/16, 53/16 и 189/16) до Регулаторната комисија за енергетика на Република Македонија на 28.07.2017 година достави Барање за одобрување на измена на член 19 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија на АД ЕЛЕМ-Скопје, Подружница Енергетика со предлог текст за истиот бр. 03-4382/1 од 28.07.2017 година и Заклучок на УО на АД ЕЛЕМ - Скопје бр. 02-4274/36/3 од 24.07.2017 година. На ден 31.07.2017 година се одржа редовна седница на Регулаторната комисија за енергетика. На редовната седница Регулаторната комисија за енергетика одлучи да се одобри Измената на Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија на АД ЕЛЕМ - Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, се одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Комисијата за решавање на жалби од областа на енергетиката, во рок од 15 дена од денот на приемот, согласно член 31 став 1 од Законот за енергетика.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**Димитар Петров**

Врз основа на чл.77од законот за енергетика (Сл.весник на РМ бр.16/11,136/11,79/13,164/13,41 и 151/14) и чл.20 од Статутот на АД Електрани на Македонија во државна сопственост, Скопје, по претходно добиено Одобрение од Регулаторна Комисија за енергетика на Република Македонија, Решение бр.02-1340/1 од 31.07.2017 година, Управниот одбор на АД Електрани на Македонија во државна сопственост,на состанок одржан на ден 03.08.2017 година, со Одлука УО бр.02-4434/38/17 од 03.08.2017 година, донесе :

**Одлука**

**за донесување измена на чл.19 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија на АД ЕЛЕМ-Скопје**

Се менува чл.19 од Мрежните правила за дистрибуција на електрична енергија на АД ЕЛЕМ-Скопје и истиот гласи :

**Член 19**
**Објекти кои не се изградени согласно со закон**

1) ОДС не смее да приклучува на дистрибутивната мрежа објекти на корисниците за кои не е издадено одобрение за градење или за кои не е издадено решение за утврдување на правен статус на бесправно играден објект во согласност со закон. Доколку не постои детален урбанистички план (ДУП) или урбанистички план за село (УПС) или урбанистички план вон населено место (УПВНМ) за територијата на која што функционира ОДС, ОДС има право да приклучува на дистрибутивната мрежа објекти на корисниците за кои не е издадено одобрение за градење или за кои не е издадено решение за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект согласнот со закон.

Претседател,
д-р Христијан Мицкоски

УО бр.02-4434/38/17
03.08.2017 година
Скопје